Напишано од Фатма Бајрам
Среда, 01 Август 2018 07:07 - Последно освежено Среда, 01 Август 2018 08:37




Овој извонреден роман ја раскажува емотивната приказна за четиригодишната Хан, најмалата ќерка во едно сиромашно семејство. Продадена како робинка во Куќата на Ву, таа брзо формира цврста врска со младиот наследник, но идилата на приврзаноста набрзина се претвора во кошмар, кога Хан станува тинејџерка – прекрасна, горда и вљубена во младиот господар. Нејзиниот живот се претвора во борба против силите на традицијата и тиранијата во еден свет во кој сладострасните машки роднини ги користат робинките за неселективно задоволство.

Истовремено моќна студија за детското ропство и за сексуалното предаторство и крајно вознемирувачка и величествено инспиративна приказна, „Робинката“ доловува богато и моќно кинеско семејство во ера на убавината и на бруталноста, следејќи една љубов – сè до нејзиниот вчудовидувачки климакс.